# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

## ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

**во 2023 година**




Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права претставуван од претседателката
проф. д-р Неда Здравева

**Уредник:**
Уранија Пировска

**Автор:**
Наташа Петковска

**Лектура:**
Ивана Даниловска

**Дизајн:**
Полиестердеј

**Печатење:**
Полиестердеј

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ул. Наум Наумовски Борче 83
1000, Скопје
тел: +389 (0)2 3119 073
факс: +389 (0)2 3290 469
веб: www.mhc.org.mk
е-пошта: helkom@mhc.org.mk

# СОДРЖИНА


**1. ЗА ПРОЕКТОТ ..................... 5**

**2. МЕТОДОЛОГИЈА ..................... 6**

2.1. Учење од минатите искуства и податоци ..................... 7

2.2. Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза ..................... 7

2.3. Соработка со две неформални мрежи за мониторинг и регистрирање злосторства од омраза насочени кон специфични целни групи ..................... 7

2.4. Мониторинг на националните печатени и електронски медиуми ..................... 8

2.5. Пријавување и проверка на злосторствата/инцидентите од омраза со Мисијата на ОБСЕ во Скопје ..................... 8

**3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ ..................... 9**

Контекст ..................... 9

3.1. Број на инциденти ..................... 10

3.2. Видови кривични дела ..................... 12

3.3. Инциденти според местото ..................... 13

3.4. Инциденти по месец ..................... 14

3.5. Инциденти според пристрасна мотивација ..................... 14

3.6. Жртви и сторители ..................... 15

3.7. Анализа на државниот систем за статистика за криминалот од омраза, во јавните обвинителства и судовите во државата ..................... 15

**4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТНИОТ ТИМ ..................... 18**

4.1. Обезбедување правна помош на жртви на инциденти од омраза и мониторинг на судски процеси за одредени случаи на злосторства од омраза извршени на разни заштитени основи ..................... 18

4.2. Мониторинг и пријавување злосторства и инциденти од омраза, со особено внимание на политичкото, спортското, врсничкото насилство и насилството извршено со пристрасна мотивација меѓу младите ..................... 20

4.3. Составување и објавување месечни билтени за состојбата со злосторства од омраза во земјата врз основа на собраните и анализирани податоци од работата на Хелсиншкиот комитет и на двете мрежи – Мрежа за заштита од дискриминација и Национална мрежа против хомофобија и трансфобија ..................... 20

4.4. Подготовка, превод и издавање на извештајот од мониторингот во 2022 година на македонски, албански и англиски јазик ..................... 20

4.5. Анализа на државниот систем за статистика за криминалот од омраза, во јавните обвинителства и судовите во државата ..................... 21

4.5.1. Инфографик со податоци за злосторства од омраза во 2022 година ..................... 21

4.5.2. Придонес за Годишниот извештај за злосторства од омраза и инциденти на ОДИХР во регионот на ОБСЕ за 2022 година ..................... 21

4.6. Одбележување на Светскиот ден на културните различности преку организирање на „Турлитава 7“ ..................... 22

**5. ЗАКЛУЧОЦИ ..................... 24**

**6. ПРЕПОРАКИ ..................... 26**

**АНЕКС - РЕГИСТРИРАНИ ИНЦИДЕНТИ ОД ОМРАЗА ЗА 2023 ГОДИНА ........................................27**
1. Инцидент од омраза меѓу малолетници во Градскиот парк во Скопје ........................ 27
2. Инцидент од омраза меѓу малолетници ........................ 27
3. Инцидент на фудбалски натпревар помеѓу „Вардар“ од Брвеница и „Беса“ од Челопек ........................ 28
4. Инцидент помеѓу ГОК „Борец“ од Велес и ОК „Шкендија“ од Тетово ........................ 28
5. Оштетена спомен-плоча на меморијален комплекс во чест на загинатите албански маченици во Сопот, Кумановско ........................ 29
6. Инцидент од омраза меѓу малолетници во основно училиште во Чаир ........................ 30
7. Инцидент од омраза поради етничка припадност ........................ 30
8. Инцидент меѓу малолетници пред трговски центар во Аеродром ........................ 31
9. Нападнат штитеник на јавна установа за згрижување деца ........................ 31
10. Инцидент во јавен превоз во Скопје ........................ 32
11. Малолетник бил физички нападнат во Карпош ........................ 32
12. Физички нападнат малолетник во Гази Баба ........................ 32
13. Неколкумина малолетници нападнале малолетник во Ѓорче Петров ........................ 33
14. Група малолетници физички нападнале малолетник ........................ 33
15. Малолетник нападнал друг малолетник во скопски градски превоз ........................ 34
16. Оштетување возило заради политичка припадност ........................ 34
17. Оштетување возило заради политичка припадност ........................ 35
18. Малолетник нападнат во Кисела Вода ........................ 35
19. Инцидент во автобус на подрачјето на Бит Пазар ........................ 36
20. Инцидент на натпреварот помеѓу „Левски“ и „Шкупи“ ........................ 36
21. Злосторство од омраза врз основа на раса, боја на кожа и етничко потекло ........................ 37
22. Злосторство од омраза врз основа на верско уверување ........................ 38
23. Оштетен споменик на загинат бранител во село Инџиково ........................ 39
24. Инцидент на фудбалски натпревар во Гази Баба ........................ 39
25. Инцидент врз основа на етничка припадност ........................ 40
26. Нападнат 17-годишен малолетник во Скопје ........................ 40
27. Инцидент од омраза во Шуто Оризари ........................ 41
28. Физички напад врз државјанин на Република Турција ........................ 41
29. Инцидент од омраза врз основа на верско уверување и попреченост ........................ 42
30. Злосторство од омраза врз основа на сексуална ориентација ........................ 42
31. Инцидент на фудбалскиот натпревар помеѓу „Шкупи“ и „Вардар“ ........................ 43
32. Оштетен гроб во село Парагуша ........................ 43
33. Инцидент во автобус помеѓу малолетници ........................ 44
34. Нападнат малолетник во Шуто Оризари ........................ 45
35. Инцидент од омраза врз основа на верско уверување ........................ 45

# 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Овој извештај ги претставува наодите произлезени од активностите што Хелсиншкиот комитет за човекови права ги спроведуваше во периодот од 1 април до 31 декември 2023 година, со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамки на проектот „Поддршка на Северна Македонија во унапредување на владеењето на правото и човековите права III“. Во овој извештај е направен преглед на податоците за целата 2023 година, односно почнувајќи од 1 јануари до 31 декември 2023 година. Целта на проектот е подобрување на имплементацијата на законодавството и одговорот на институциите во областа на човекови права и антидискриминација преку измени и дополнувања на политиките, примена на ефективни правни лекови и зајакнување на институциите. Една од целите беше и сè уште е да се подобри националниот одговор за злосторствата и говорот од омраза преку мониторинг, регистрирање и процесирање на злосторствата од омраза во согласност со изменетата законодавна рамка. Преку ваквите активности се очекува да се крене свесноста за штетните ефекти на говорот од омраза и нетолеранцијата.

Првиот чекор кон обезбедување ефикасен систем за заштита на жртвите на злосторствата од омраза е да се изградат капацитети на телата за кривична правда во областа на регистрирање на пристрасните инциденти. Поточно, целта на извештајот е да биде искористен како индикатор за обемот, природата и зачестеноста на инцидентите на злосторства од омраза извршени во земјата.

**Во рамките на мандатот како партнер што спроведува активности во рамки на проектот, Хелсиншкиот комитет за човекови права во текот на 2023 година ги спроведе следните активности:**

**1.1.** Обезбедување правна помош на жртви на инциденти од омраза и мониторинг на судски процеси за одредени случаи на злосторства од омраза извршени на разни заштитени основи;

**1.2.** Одржување, ажурирање и промовирање на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com на македонски, албански и англиски јазик;

**1.3.** Мониторинг и регистрирање злосторства и инциденти од омраза;

**1.4.** Составување и објавување месечни билтени за состојбата со злосторства од омраза во земјата врз основа на собраните и анализирани податоци од работата на Хелсиншкиот комитет и на двете мрежи – Мрежа за заштита од дискриминација и Национална мрежа против хомофобија и трансфобија;

**1.5.** Подготовка, превод и издавање на извештајот од мониторингот во 2023 година на македонски, албански и англиски јазик;

- 1.5.1. Подготовка, издавање, промоција и дистрибуција на инфографик што ќе понуди краток преглед на податоци за злосторства од омраза регистрирани во 2023 година;
- 1.5.2. Преглед на пријавените инциденти на злосторства од омраза и придонес за Годишниот извештај за злосторства од омраза и инциденти на ОДИХР во регионот на ОБСЕ за 2023 година;

**1.6.** Анализа на државниот систем за статистика за криминалот од омраза, во јавните обвинителства и судовите во државата;

**1.7.** Одбележување на Светскиот ден на културните различности (19 мај) преку организирање на настанот „Турлитава 7“.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Во Северна Македонија, како и на глобално ниво, злосторствата од омраза ретко се пријавуваат, под претпоставка дека жртвите не веруваат дека нивните пријави ќе добијат позитивна разрешница, или, пак, од стравот од долгите судски процеси и трошоци. Затоа, секоја информација добиена во врска со превенција е од големо значење со цел да се воочат најчестиот вид инциденти, негативните трендови, местата на случување и односот помеѓу жртвите и сторителите. Неопходно е да се истакне дека злосторствата од омраза не претставуваат феномен од кој се засегнати само одредени заедници, напротив, тие се директен напад на демократското општество и принципи на кои се засноваат човековите права.

Инцидентите на злосторства од омраза не се случуваат случајно, тие се насилна манифестација на поделби, стереотипи и предрасуди. Насочени кон идентитетот на една личност, злосторствата од омраза предизвикуваат поголема штета и последици дури и од основните кривични дела. Непосредната жртва на злосторствата од омраза, како и луѓето во нејзиното блиско опкружување што припаѓаат на истата група претрпуваат голема траума и засилени чувства на несигурност како резултат на фактот дека токму тие се одбрани поради одредени карактеристики што не можат да ги променат. Најдоброто решение за злосторствата од омраза, во случаи кога се извршени, е соодветно поведување судска постапка и санкционирање. Со такво јавно препознавање, жртвите може да бидат сигурни дека претрпеното искуство е целосно и соодветно препознаено, што понатаму ја зголемува довербата кај другите членови на заедницата дека злосторствата од омраза ќе бидат казнети[1].

Под „дело од омраза“ во извештајот се подразбира кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот што е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување[2]. Секој може да биде жртва на злосторство од омраза, иако најчестите жртви се членови на ранливите заедници. Злосторствата од омраза најчесто се насочени кон членови на различна етничка заедница, религиозни или свети објекти, Роми, сексуални малцинства и внатрешно раселени лица.

Така, методологијата за пријавување на злосторствата од омраза применета во извештајот се состои од учење од минатите искуства и податоци, одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза, мониторинг на националните печатени и електронски медиуми, мониторинг на дневните билтени на Министерството за внатрешни работи, соработка со неформални мрежи за мониторинг и регистрирање злосторства од омраза насочени кон

---

1 Шечиќ против Хрватска, бр. на апликација 40116/02 од 31.08.2007, стр. 66-70.

2 Чл.122 ст. 42 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23).

специфични целни групи и пријавување и двојна проверка на злосторствата и инциденти од омраза со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## 2.1. Учење од минатите искуства и податоци

Со цел да се примени дијагностички пристап кон собирањето на злосторствата од омраза и стабилни системи за мониторинг, Хелсиншкиот комитет првично се потпира на минатите искуства и развива најдобри практики од кои се применуваат резултатите. Од друга страна, собирањето податоци е првиот чекор кон борба со злосторствата од омраза бидејќи сигурните информации и статистика се неопходни за развој на таргетирани политики и приспособување на поддршката за жртвите. Оттука при пишување на извештајот беа земени предвид извештаите за работата во ова поле за минатите години[3].

## 2.2. Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза

Веб-порталот www.zlostorstvaodomraza.com, достапен од 2013 година, претставува интерактивна алатка за информирање на граѓаните за извршените злосторства од омраза и пријавување инциденти од страна на неговите корисници. Содржи интерактивна мапа на која е прикажана точната или приближна локација каде што се случил инцидентот. Почетната страница нуди категории на злосторства од омраза и пристрасни мотиви, информации за начинот на кој граѓаните може да ги пријават инцидентите, преку електронска апликација, електронска пошта и интернет-формулари, а прикажани се и статистички графикони. Исто така, може да се најдат табели за најчесто поставувани прашања, ресурси и поимник на веб-порталот во кои редовно се објавуваат информации за проектот, значењето и обемот на злосторствата од омраза, како и публикации поврзани со овој феномен. Сите материјали се достапни на македонски, албански и англиски.

## 2.3. Соработка со две неформални мрежи за мониторинг и регистрирање злосторства од омраза насочени кон специфични целни групи

Хелсиншкиот комитет за човекови права воспостави соработка во областа на криминалот од омраза и со двете неформални мрежи каде што членува – Мрежата за заштита од дискриминација и Националната мрежа против хомофобија и трансфобија со цел да се зголеми опфатот на мониторингот и регистрирањето злосторства од омраза насочени кон специфични целни групи. Зголемениот опфат на мониторингот преку двете мрежи значеше и пристап до жртвите на пристрасно мотивирани инциденти врз основа на (претпоставената) сексуална ориентација и родов идентитет, на кои Хелсиншкиот комитет за човекови права им обезбеди правно советување и поддршка.

[3] https://zlostorstvaodomraza.com/izvestai/

## 2.4. Мониторинг на националните печатени и електронски медиуми

Хелсиншкиот комитет и во 2023 година продолжи да го мониторира бројот на дневни весници со различни идеолошки погледи и политичка припадност. Мониторингот на електронските медиуми се врши на дневна база, преку двата најпопуларни интернет-генератори на вести (www.time.mk и www.grid.mk), како и со употреба на напреднатите опции за пребарување во делот за „вести" на www.google.com. Основната цел на мониторингот на медиумите е да се идентификуваат потенцијалните појави на инциденти од омраза и да се повикаат наводните жртви на интервју, како и да им се понуди можноста за правна помош или мониторинг на судскиот процес за нивниот случај.

## 2.5. Пријавување и проверка на злосторствата/инцидентите од омраза со Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Деталите поврзани со инцидентите (што се случило, датум, време, место, извор на информации, засегнати жртви, сторители, статус на случајот, одговор на локалните власти и влијание врз жртвите и заедницата) беа редовно пријавувани во Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Следењето на случаите беше во голема доза олеснето со постојаното успешно функционирање на веб-платформата за мапирање злосторства од омраза. Покрај можноста да ги следат преку интернет инцидентите на злосторства од омраза по нивното случување, Мисијата на ОБСЕ во Скопје добиваше и привремен завршен извештај подготвен од Хелсиншкиот комитет. Наодите исто така беа споделени со ОБСЕ/ОДИХР за нивниот годишен извештај за злосторства од омраза во земјите учеснички на ОБСЕ.

Со спроведување на овие активности, Хелсиншкиот комитет регистрираше 197 злосторства/инциденти од омраза за периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година, што претставува зголемување од 23 % споредено со 2022 година. 27 од регистрираните случаи имаат јасни пристрасни индикатори, додека кај другите инциденти во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.) постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот.

Резултатите се претставени во резимето на главните наоди, додека во извештајот исто така е приложен анекс во кој детално е разработен секој инцидент на злосторство од омраза објавен на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com во 2023 година.

# 3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ

## Контекст

Европската комисија (ЕК) веќе петта година[4] по ред во својот Извештај за Северна Македонија во 2023 забележува дека достапноста на официјални податоци за криминалот од омраза останува спорадична и покрај напорите на власта да развие систем за регистрирање и собирање податоци. Дополнително, Европската комисија ја потенцира неопходноста од вложување напори за да се зголемат капацитетите на полицијата и правосудните органи за поефективно спречување и гонење на сите инстанци на насилство, злосторства од омраза и говор на омраза, како дел од поширок напор за поттикнување потолерантна и недискриминаторска култура во општеството[5]. ЕК го забележува и Хелсиншкиот комитет како единствена граѓанска организација што продолжува успешно да собира и анализира податоци за злосторства од омраза. ЕК констатира дека треба да постои систематска практика на собирање податоци и справување со говорот на омраза и криминалот од омраза[6].

Генералниот заклучок е дека соодветното и времено препознавање и регистрирање на злосторствата од омраза од страна на полициските службеници, органите на прогон и судските власти и понатаму останува на незадоволително ниво. Министерството за внатрешни работи до ОБСЕ/ОДИХР известило за 52 неодредени инциденти во 2023 година и два инциденти на физички напад врз ЛГБТ-луѓе[7]. Во годишниот извештај на Министерството за 2023 во делот за кривични дела од омраза е објавен податок за вкупно 41 кривично дело што содржат елементи на омраза[8]. Сепак, од прегледот на статистиката на МВР се забележува дека 31 од нив се кривични дела „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем", шест се „Загрозување на сигурноста" по пат на информатички систем", две кривични дела „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа" и по едно дело „Насилство" и „Расна и друга дискриминација"[9]. Вака претставената статистика укажува на тоа дека Министерството за внатрешни работи не прави раздвојување на говорот на омраза и криминалот од омраза.

Овој извештај точно покажува чии права најмногу се повредени во периодот од 1.1.2023 до 31.12.2023 година во Северна Македонија, како резултат на пристрасно мотивирани инциденти и злосторства од омраза. Извештајот дава преглед на бројот на инциденти, видот на кривичните

---

4 Европска комисија, *Северна Македонија* 2019 *Извештај*, Брисел, 29 мај 2019, стр. 20, 24, 30, 31., Европска комисија, *Северна Македонија* 2020 *Извештај*, Брисел, 6 октомври 2020, стр. 32., Европска комисија, *Северна Македонија* 2021 *Извештај*, Брисел, 19 октомври 2021, стр. 32., Европска комисија, *Северна Македонија* 2023 *Извештај*, Брисел, 12 октомври 2023, стр. 32-35.

5 Европска комисија, *Северна Македонија* 2023 *Извештај*, Брисел, 8 ноември 2023, стр. 34.

6 Ibid, стр. 34.

7 Види повеќе на: http://hatecrime.osce.org/north-macedonia.

8 Министерство за внатрешни работи, Годишен извештај 2023 година, стр. 69. Достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202023.pdf

9 Ibid, стр. 70.

дела, местото и времето на случување, заштитените карактеристики на жртвите (раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување) и податоци за сторителите. На крајот, заклучоците укажуваат на тоа каде се неопходни итни и ефективни интервенции за да се спречат идни штети. Оттука, извештајот може да претставува корисна алатка за понатамошни чекори на носителите на одлуки во борбата со криминалот од омраза.

## 3.1. Број на инциденти

Во 2023 година, МХК регистрираше 197 потенцијални инциденти на злосторства од омраза од кои 35 се инциденти со јасни пристрасни индикатори[10]. Инцидентите беа регистрирани веднаш откако беа објавени од медиумите или од Министерството за внатрешни работи во своите дневни билтени.

За потенцијалните инциденти беше побарана потврда од Министерството за внатрешни работи, и тоа за 151 потенцијален инцидент до СВР Скопје, за 14 потенцијални инциденти до СВР Тетово, за три потенцијални инциденти до ПС-ОН Гостивар и по еден потенцијален инцидент до СВР Куманово и СВР Струмица. СВР Скопје во својот одговор ни даде податоци само за поднесените кривични/прекршочни пријави и кривичните дела/прекршоците за потенцијалните инциденти, без притоа да одговори дали постојат индиции што укажуваат на тоа дека инцидентите се случени поради одредена заштитена карактеристика на инволвираните лица во согласност со член 122 став 42 од Кривичниот законик. Сепак, од добиениот одговор може да се забележи дека за ниту еден случај во кој е поднесена пријава, делото не е квалификувано како кривично дело или прекршок сторен од омраза. СВР Тетово во своето известување изречно наведе дека наведените дела не се сторени од омраза, додека ПС-ОН Гостивар достави податоци од кои се забележува дека во конкретните случаи нема пристрасни индикатори. СВР Куманово и СВР Струмица не доставија одговор на поднесените барања за информации од јавен карактер.

За најголем дел од непотврдените потенцијални инциденти и дела од омраза, а во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Непотврдените потенцијални инциденти се сепак вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што, според другите индикатори, постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се и:

- перцепција на жртва/сведок;
- коментирање на самото место;
- разликата помеѓу жртвата и сторителот на етничка основа;
- модел/зачестеност на претходни инциденти;
- природа на насилството;
- отсуство на други мотиви; и
- место и време.

[10] Инцидентите со јасни пристрасни индикатори се објавени на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com.

Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).




Етничката основа (179 инциденти, 90,86 %) повторно го зазема најголемиот дел од основите за извршените злосторства од омраза во 2023 година. Мотивот во два инциденти претставува политичкото уверување и политичката определеност, шест инциденти се случиле како резултат на религиозни уверувања, два инциденти се мотивирани од сексуална ориентација и осум инциденти се случиле врз основа на некои други заштитени карактеристики. Жртвите и сторителите најчесто се млади лица и припадници на различни етнички заедници, членови на навивачки клубови на спортски тимови или поддржувачи на политички партии. Често се случува еден инцидент да ги исполнува критериумите за сомневање на постоење на две или повеќе кривични дела, па одовде бројот на кривични дела е поголем од бројот на инциденти.

Повеќето од наводните кривични дела вклучуваат: насилство (153), телесна и тешка телесна повреда (24), оштетување имот (7), разбојничка кражба (2), уништување симболи (4), предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост (5), сериозна закана (1), загрозување на сигурноста (3) и предизвикување општа опасност (2). Деталите од инцидентите, како што се краткиот опис, датум, време, место, извор на информации, засегнати жртви, сторители, статус на случајот, одговор на властите, влијание врз жртвите и заедницата, се наоѓаат во Анексот на извештајот под наслов „Инциденти на злосторства од омраза за 2023 година“. Во Анексот, исто така, се наоѓа поле за „пристрасни индикатори“, вклучено во секој одделен инцидент. Во ова поле се наведени податоци за: перцепција на жртвите/сведоците, коментирање на самото место, разлика помеѓу жртвата и сторителот на основа на етничката припадност, модел/зачестеност на претходни инциденти, природа на насилството, отсуство на други мотиви и место и време.

Во јуни 2023 година МХК го испрати својот Годишен извештај за дела од омраза за 2023 година до ОБСЕ/ОДИХР[11] и сè уште е единствената невладина организација што систематски испраќа информации до ОБСЕ/ОДИХР за состојбата со злосторствата од омраза во земјата.

Со само два регистрирани инциденти извршени на основа на политичка припадност и убедување може да се каже дека бројот на инциденти со политичка пристрасност продолжува да се намалува и оваа година, за разлика од претходните години кога пред и за време на изборните процеси бројот на инциденти од омраза врз основа на политичка определба значително се зголемуваше[12].

Најистакнат е трендот на инциденти што се случиле врз основа на различното етничко потекло на сторителот и жртвата. Во 2013 година овие инциденти изнесуваа дури 84 % од вкупните инциденти (98 од 116), додека во 2014 година тој процент беше 61 % (53 од 87). Во текот на 2015 година само 36 % од инцидентите (16 од 44) се случиле помеѓу Македонци и Албанци, во 2016 процентот изнесувал 49 % од сите инциденти (34 од 70), а во 2017 – 29 инциденти (41 %). Во 2018 година бројот на регистрирани инциденти на злосторства од омраза врз основа на етничкото потекло се зголеми повторно на 64 % (79 од 123) од сите регистрирани инциденти. Во 2019 година 85 % од сите регистрирани инциденти (135 од 159), во 2020 – 73 % (76 од 104) и во 2021 – 36 % (29 од 80)[13]. Во 2022 година 83,75 % (134 инциденти) од вкупниот број инциденти се случиле врз основа на различното етничко потекло на сторителот и жртвата[14]. И во 2023 година продолжува трендот на случување на инциденти врз етничка основа, и зазема 90 % (179 инциденти) од вкупниот број регистрирани случаи (197). Инцидентите во најголема мера се случуваат помеѓу припадници на македонската и албанската заедница.

## 3.2. Видови кривични дела

Поголемиот дел од инцидентите биле извршени од страна на млади луѓе, додека голем дел од сторителите се непознати. Жртвите и сторителите вообичаено се припадници на различни етнички заедници, додека пријавените инциденти се поврзани со одредени кривични дела од Кривичниот законик: насилство (153), телесна и тешка телесна повреда (24), оштетување имот (7), разбојничка кражба (2), уништување симболи (4), предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост (5), сериозна закана (1), загрозување на сигурноста (3) и предизвикување општа опасност

---

11 Види: http://hatecrime.osce.org/north-macedonia.

12 Сите регистрирани инциденти по овој основ се регистрирани во октомври 2021 година за време на одржувањето на локалните избори. Кај повеќето инциденти извршени како резултат на политичка определеност или политичко убедување, жртвите не се луѓе, туку правни лица како резултат на фактот што мнозинството од овие инциденти се однесуваат на штета на имот и нанесување материјална штета. Види повеќе https://mhc.org.mk/reports/godishen-izveshtaj-za-sostojbata-so-chovekovite-prava-vo-2021-godina/.

13 Во текот на 2021 година се регистрирани вкупно 80 инциденти, што е за 20 % помалку од 2020 година. Причина за намалениот број регистрирани инциденти е тоа што во 2020 година МХК имаше порестриктивен пристап, а поради недостиг на повратни информации од МВР во врска со потенцијалните дела од омраза, ги регистриравме само оние дела за кои постоеја јасни индикатори дека се дела од омраза, додека за оние дела за кои нема доволно индикатори беше одлучено да не се објавуваат сè додека не се добие повратна информација од МВР. Види повеќе во https://mhc.org.mk/reports/godishen-izveshtaj-za-sostojbata-so-chovekovite-prava-vo-2021-godina/.

14 Хелсиншки комитет за човекови права (2023). Годишник за криминалот од омраза во 2023 година. Достапно на: https://zlostorstvaodomraza.com/wp-content/uploads/2023/09/GODISEN-IZVESTAJ_ZLOSTORSTVA-OD-OMRAZA-2023_MK_ALB_ENG_PO653136_23.08.2023.pdf

(2). Многу често еден инцидент ги исполнува критериумите за две или повеќе кривични дела (пример: насилство и кражба), па одовде бројот на кривични дела понекогаш е поголем од бројот на инциденти во податоците[15].




## 3.3. Инциденти според местото

Поголемиот број инциденти – 164 – се случиле во Скопје и околните општини. Во Тетово се случиле 16 инциденти, 3 инциденти во Гостивар и Куманово, 2 во Битола, по 1 во Штип, Велес, Струмица, Крива Паланка и Прилеп.

Повеќето градови се наоѓаат во региони населени од побројно етничко малцинство на етнички Албанци (Скопје, Куманово), етнички Македонци (Тетово и Гостивар), или неколку малцинства што заедно сочинуваат значителен дел од населението (Битола, Штип, Струмица, Прилеп, Велес, Крива Паланка). Дебар е меѓу ретките градови во кој живеат Македонци и Албанци, а каде што и оваа година нема регистрирано ниту едно злосторство од омраза.




[15] Злосторствата од омраза се уредени со Кривичниот законик, додека инцидентите опфаќаат поголем обем на случаи во кои се вбројуваат прекршоци како на пр. графити од омраза, националистичко скандирање и така натаму.

## 3.4. Инциденти по месец

Најголемиот број инциденти се случиле во септември (25). Во овој месец беа регистрирани инциденти меѓу млади лица од етнички мешани населби и/или училишта, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници. Во април и јуни се случиле 16 инциденти, 20 во октомври, 18 во јули и ноември, 17 во мај, 15 во август, по 14 во февруари и декември, 7 во јануари и 5 во март.




## 3.5. Инциденти според пристрасна мотивација

Етничката основа (179 инциденти, 90,86 %) повторно го зазема најголемиот дел од основите за извршените злосторства од омраза во 2023 година. Мотивот во два инциденти претставува политичкото уверување и политичката определеност, шест инциденти се случиле како резултат на религиозни уверувања, два инциденти се мотивирани од сексуална ориентација и осум инциденти се случиле врз основа на некои други заштитени карактеристики.

| | | |
|---|---|---|
| | Етничка припадност | 179 |
| | Политичко уверување или политичка определба | 2 |
| | Религиозни уверувања | 6 |
| | Сексуална ориентација | 2 |
| | Други заштитени карактеристики | 8 |

## 3.6. Жртви и сторители

Жртвите и сторителите најчесто се млади лица и припадници на различни етнички заедници, членови на навивачки клубови на спортски тимови или поддржувачи на политички партии. Хелсиншкиот комитет регистрираше вкупно 197 случаи во кои како жртви се јавуваат 213 лица и 292 сторители. Точниот број сторители не може да биде определен заради недостатокот од информации споделени од надлежните власти. 142 од 213 жртви се малолетници, а од 292, 132 сторители се малолетници.




**Вклученост на малолетници во вкупниот број на жртви**




**Вклученост на малолетници во вкупниот број на сторители**




## 3.7. Анализа на државниот систем за статистика за криминалот од омраза, во јавните обвинителства и судовите во државата

Имајќи предвид дека регистрирањето и собирањето веродостојни статистички податоци за криминалот од омраза е од суштинско значење за ефективно формирање на политиките и за преземање соодветни мерки за справување со инцидентите мотивирани од омраза, проектниот тим обезбеди анализа на државниот систем за регистрирање и статистика за делата од омраза. Анализата ќе се фокусира на начинот на кој јавните обвинителства и судовите во земјата собираат податоци за злосторствата од омраза и ќе даде преглед на бројот на извршени кривични дела; кон кои групи се насочени; бројот на кривични дела што биле успешно идентификувани како

злосторства од омраза; и информации за одлуките и изречените казни. Прегледот направен од проектниот тим по анализата на информациите добиени од јавните обвинителства и судовите е прикажан во Годишниот извештај за криминал од омраза во 2023 година.

За таа цел Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе барања за информации од јавен карактер до сите основни јавни обвинителства и до сите судови во државата. Притоа, беа побарани податоци за кривичните пријави што во 2023 година биле поднесени до Основното јавно обвинителство и за обвинителните акти што Обвинителството ги поднело до надлежниот суд, за кривичните дела каде што постои елементот на омраза како отежнувачка околност[16]. Дополнително, јавните обвинителства во државата беа прашани за заштитените карактеристики од член 122 став 42 за поднесените кривични пријави/обвинителни акти, за секое од кривичните дела.

Три јавни обвинителства (Ресен, Кавадарци и Гостивар) не одговорија на барањата за информации од јавен карактер. 14 основни јавни обвинителства одговорија дека немаат добиено кривични пријави, ниту имаат поднесено обвинителни акти за дела од омраза. Основното јавно обвинителство Скопје достави податоци за 108 добиени кривични пријави и 43 поднесени обвинителни акти, со напомена дека ниту кривичните пријави ниту обвинителните акти не се добиени и поднесени врз основа на заштитените карактеристики од член 122 став 42 од Кривичниот законик. Основното јавно обвинителство Куманово достави одговор за 68 добиени кривични пријави и еден поднесен обвинителен акт. Сепак, ОЈО Куманово воопшто не достави информација за заштитените карактеристики во наведените пријави и обвинителни акти. Основното јавно обвинителство Кичево достави податок за 22 кривични пријави со напомена дека врз основа на доставените пријави и сослушувањата на сведоците во Обвинителството не е констатирано дека кривичното дело е сторено од омраза, бидејќи станува збор за случаи на семејно насилство. Дополнително, ОЈО Кичево извести за пет поднесени казнени налози, со напомена дека при доставување на обвинението до надлежниот суд не го применува член 122 став 42 од Кривичниот законик, туку се повикува на други законски основи. Само две обвинителства доставија јасен податок за кривични дела сторени од омраза. Основното јавно обвинителство во Битола нѐ извести дека во 2023 примиле само една кривична пријава за кривичното дело Загрозување на сигурноста сторено од омраза врз основа на етничко потекло, против едно лице, при што јавниот обвинител поднел предлог за изрекување мерка на безбедност задолжително лекување и чување во здравствена установа до надлежен суд. Основното јавно обвинителство Велес пак примило две кривични пријави – една за кривично дело Телесна повреда од омраза и една кривична пријава за кривично дело Загрозување на сигурноста од омраза поради нерасчистени имотни односи. Во врска со кривичните пријави се поднесени два предлози за издавање казнен налог.

Судовите во државата беа прашани за бројот на добиени обвинителни акти и за бројот и видот на донесени одлуки за кривичните дела од омраза и за заштитените карактеристики од член 122 член 42 од Кривичниот законик. 18 судови доставија одговор дека немаат добиено обвинителни акти за дела од омраза и, следствено на тоа, немаат донесено одлука. Основниот суд Охрид и

16 Член 123 став 2, член 130 став 2, член 131 став 2, член 139 став 2, член 140 став 2, член 142 став 2, член 144 став 3, член 155 став 2, член 186 став 6, член 187 став 2 и член 319.

Основниот суд Неготино доставија податоци за примени обвинителни акти и донесени одлуки, но не ги наведоа заштитените карактеристики. Основниот суд Битола исто така достави податок за обвинителни акти и одлуки, но наведе дека во евиденцијата на програмата АКМИС на судот не се внесени заштитени карактеристики. Основниот суд Кочани достави податок за три примени обвинителни акти и три донесени осудителни пресуди за кривичното дело Загрозување на сигурноста сторено од омраза, но заштитените карактеристики не се спомнати. Основниот суд Велес известува дека двата поднесени обвинителни акти за дела од омраза всушност не упатуваат на постоење заштитена карактеристика и не се работи за дела сторени од омраза. Судот во 2023 година донел една ослободителна пресуда за кривичното дело Загрозување на сигурноста сторено од омраза против физичко лице, „*сторено поради претпоставена поврзаност на оштетениот што се однесува на бугарска националност.*“ Основниот суд Гостивар и Основниот суд Кичево доставија податоци за обвинителни акти и пресуди, со напомена дека станува збор за случаи на семејно насилство, а не на дела од омраза. Основниот суд Скопје достави листа на сите правосилни и примени предмети поврзани со бараните кривични дела. Судот напомнува дека во однос на прашањата поврзани со заштитените карактеристики од член 122 став 42 од КЗ, системот не ги генерира тие податоци и единствен начин за проверка е доколку се изврши увид во наведените пресуди, од кои дел (од оние што се веќе правосилни) се веќе достапни со бројот на предметот на веб-страницата на судот во анонимизирана форма.

Анализата на добиените податоци од судовите и јавните обвинителства во државата покажува дека правосудните органи не водат посебна и разделена статистика за делата од омраза и за кривичните дела сторени при вршење семејно насилство. Бројот на започнати постапки за заштита на жртвите на пристрасно мотивирани инциденти и кривично гонење на сторителите е незначителен, а следствено на тоа и нема доволно судски одлуки за да може да се каже дека државата соодветно се справува со криминалот од омраза. Дури и во оние случаи кога се водела кривична постапка, не е јасно определен пристрасниот мотив и не се наведени заштитените карактеристики (како во случајот на поднесениот предлог за издавање казнен налог на ОЈО Велес за Загрозување на сигурноста од омраза *поради нерасчистени имотни односи*), или, пак, не е предложено изрекување соодветни мерки за справување со криминалот од омраза (како во случајот со ОЈО Битола, кое поднело *предлог за изрекување мерка на безбедност задолжително лекување и чување во здравствена установа* против едно лице за сторено кривично дело Загрозување на сигурноста сторено од омраза врз основа на етничко потекло).

# 4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТИНОТ ТИМ

Активностите имаат за цел да понудат индикатори за обемот, природата и зачестеноста на злосторствата од омраза извршени во земјата. Целта е преку ваквиот пристап да се работи на спречување на злосторствата од омраза и говорот од омраза со подобрување на законите, зголемување на јавната свесност и со градење на капацитетите на телата за кривична правда и регистрирање на пристрасните инциденти.

## 4.1. Обезбедување правна помош на жртви на инциденти од омраза и мониторинг на судски процеси за одредени случаи на злосторства од омраза извршени на разни заштитени основи

Во 2023 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права обезбеди бесплатна правна помош во четири случаи на злосторства од омраза – два инциденти беа сторени врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, еден врз основа на етничка припадност, раса и боја на кожа и еден врз основа на религиозна припадност и верско уверување. Бесплатната правна помош подразбираше обезбедување правно советување и правни информации за заштитните механизми што им се на располагање на жртвите, комуникација со надлежните институции, составување и поднесување кривични пријави до јавните обвинителства и следење на судските постапки за злосторства од омраза.

Во еден од овие случаи станувaше збор за две ЛГБТ-лица што биле нападнати во локално кафуле. Сторителите кон нив упатувале и вербални напади поради нивната сексуална ориентација. На жртвите им беше понудена правна помош – им беше објаснета постапката за кривично гонење на делата од омраза, беа советувани да извадат медицинска документација и им беше понудена можноста за придружба пред надлежната полициска станица за да го пријават настанот, како и можноста за поднесување кривична пријава до Основното јавно обвинителство. Жртвите одлучија да не го пријават настанот во полициска станица и да не водат никаква постапка.

На 7 јуни 2023 година во медиумите беше објавена вест за навредливи графити со кукести крстови и натписи „Ѓупци“, испишани со црн спреј врз куќи на ромско население на улица „Дебарска“ во Битола. Се работи за уште еден случај на злосторство од омраза, со порака што упатува на повик за насилство кон ромската етничка заедница. Хелсиншкиот комитет на 15 јуни во Битола се сретна со еден жител на улицата „Дебарска“, кој ни даде повеќе информации за самиот настан, како и за тоа дека ова не е првпат да се случуваат ваков вид заплашување и загрозување на сигурноста на ромското население таму. Полициски службеници излегле на терен, но жителите немаат информации за понатамошното постапување. Дел од графитите беа исчистени од самите

жители, но по документирање на преостанатите графити, Хелсиншкиот комитет за човекови права заедно со едно лице во својство на оштетен подготви кривична пријава до ОЈО Битола за сторено кривично дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ од член 319 в. в. „Загрозување на сигурноста“ од член 144 став 3 од КЗ. Во меѓувреме, непосредно пред поднесување на кривичната пријава, оштетениот бил физички нападнат на истото место каде што беа испишани графитите, неговата претпоставка е дека нападот го извршиле истите сторители. По неколку обиди и правно советување, оштетениот одлучи дека не сака да започне кривична постапка.

Во јуни, до Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати директорот на Музејот на холокаустот на Евреите во Македонија, кој нѐ информираше дека навивачката група Балисти од Тетово на неколку места во градот испишале графити со нацистички симболи. Дополнително, со нас ги сподели и реакциите на еврејската заедница за претходните случувања на карневалот во Струмица, каде што имало маска со ликот на Хитлер, како и графит со кукест крст на оградата на еврејската заедница.

Во октомври, вработени во „Комитет“ пријавија во Хелсиншкиот комитет за човекови права дека за време на викендот странски државјанин што се идентификува како геј маж бил физички нападнат од две лица вработени во „Гиро Беко“. Имал тешки телесни повреди, но веднаш по пријавувањето ја напуштил државата. Полициски службеници од Полициската станица Центар веднаш излегле на увид и разговарале со сторителите и со сведоците. Хелсиншкиот комитет беше на состанок со началникот на Одделението за насилен криминал во Полициската станица Кисела Вода, кои го преземаа постапувањето по предметот и нѐ известија дека ќе поднесат кривична пријава по службена должност за тешка телесна повреда. На наше барање да се квалификува како дело од омраза поради јасните пристрасни индикатори, началникотот остави тоа да го одлучи јавен обвинител.

Одржување, ажурирање и промовирање на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com **на македонски, албански и англиски јазик**

Веб-порталот www.zlostorstvaodomraza.com, достапен од 2013 година, претставува интерактивна алатка за информирање на граѓаните за извршените злосторства од омраза и пријавување инциденти од страна на неговите корисници. Содржи интерактивна мапа на која е прикажана точната или приближна локација каде што се случил инцидентот. Почетната страница нуди категории на злосторства од омраза и пристрасни мотиви, информации за начинот на кој граѓаните може да ги пријават инцидентите, преку електронска апликација, електронска пошта и интернет-формулари, а прикажани се и статистички графикони. Исто така, може да се најдат табели за најчесто поставувани прашања, ресурси и поимник на веб-порталот во кои редовно се објавуваат информации за проектот, значењето и обемот на злосторствата од омраза, како и публикации поврзани со овој феномен. Сите материјали се достапни на македонски, албански и англиски.

## 4.2. Мониторинг и пријавување злосторства и инциденти од омраза, со особено внимание на политичкото, спортското, врсничкото насилство и насилството извршено со пристрасна мотивација меѓу младите

Хелсиншкиот комитет и во 2023 година продолжи да го мониторира бројот на дневни весници со различни идеолошки погледи и политичка припадност. Мониторингот на електронските медиуми се врши на дневна база, преку двата најпопуларни интернет-генератори на вести (www.time.mk и www.grid.mk), како и со употреба на напреднатите опции за пребарување во делот за „вести“ на www.google.com. Основната цел на мониторингот на медиумите е да се идентификуваат потенцијалните појави на инциденти од омраза и да се повикаат наводните жртви на интервју, како и да им се понуди можноста за правна помош или мониторинг на судскиот процес за нивниот случај.

## 4.3. Составување и објавување месечни билтени за состојбата со злосторства од омраза во земјата врз основа на собраните и анализирани податоци од работата на Хелсиншкиот комитет и на двете мрежи – Мрежа за заштита од дискриминација и Национална мрежа против хомофобија и трансфобија

Во текот на периодот на известување, Хелсиншкиот комитет состави девет месечни билтени за секој месец, објавени на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com/izvestai/:

1. Месечник за април, објавен на 10 мај 2023;
2. Месечник за мај, објавен на 10 јуни 2023;
3. Месечник за јуни, објавен на 10 јули 2023;
4. Месечник за јули, објавен на 10 август 2023;
5. Месечник за август, објавен на 10 септември 2023;
6. Месечник за септември, објавен на 10 октомври 2023;
7. Месечник за октомври, објавен на 10 ноември 2023;
8. Месечник за ноември, објавен на 10 декември 2023;
9. Месечник за декември, објавен на 31 декември 2023.

## 4.4. Подготовка, превод и издавање на извештајот од мониторингот во 2022 година на македонски, албански и англиски јазик

Годишниот извештај е изготвен, преведен и објавен на интернет на веб-страницата на Хелсиншкиот комитет и порталот www.zlostorstvaodomraza.com во јуни 2023 година. Копија од извештајот, исто како и минатите години, беше испратена по пошта и електронски до сите релевантни институции, медиуми и организации.

4.4.1. **Подготовка, издавање, промоција и дистрибуција на инфографик што ќе понуди краток преглед на податоци за злосторства од омраза регистрирани во 2022 година**

Врз основа на податоците во годишниот извештај, беше изготвен, преведен и објавен инфографик со краток преглед на наодите и трендовите за злосторства од омраза регистрирани во 2022 година[17].

4.4.2. **Преглед на пријавените инциденти на злосторства од омраза и придонес за Годишниот извештај за злосторства од омраза и инциденти на ОДИХР во регионот на ОБСЕ за 2022 година**

Во јуни 2023 година МХК го испрати својот Годишен извештај за дела од омраза за 2022 година до ОБСЕ/ОДИХР и сè уште е единствената невладина организација што систематски испраќа информации до ОБСЕ/ОДИХР за состојбата со злосторствата од омраза во земјата. Хелсиншкиот комитет редовно известува за регистрираните инциденти и злосторства од омраза, и во мај 2023 година го испрати до ОБСЕ/ОДИХР својот придонес со регистрирани инциденти за 2022 година.

## 4.5. Анализа на државниот систем за статистика за криминалот од омраза, во јавните обвинителства и судовите во државата

Имајќи предвид дека регистрирањето и собирањето веродостојни статистички податоци за криминалот од омраза се од суштинско значење за ефективно формирање на политиките и за преземање соодветни мерки за справување со инцидентите мотивирани од омраза, проектниот тим обезбеди анализа на државниот систем за регистрирање и статистика за делата од омраза.

Анализата на добиените податоци од судовите и јавните обвинителства во државата покажува дека правосудните органи не водат посебна и разделена статистика за делата од омраза и за кривичните дела сторени при вршење семејно насилство. Бројот на започнати постапки за заштита на жртвите на пристрасно мотивирани инциденти и кривично гонење на сторителите е незначителен, а следствено на тоа и нема доволно судски одлуки за да може да се каже дека државата соодветно се справува со криминалот од омраза. Дури и во оние случаи кога се водела кривична постапка, не е јасно определен пристрасниот мотив и не се наведени заштитените карактеристики (како во случајот на поднесениот предлог за издавање казнен налог на ОЈО Велес за Загрозување на сигурноста од омраза поради нерасчистени имотни односи), или, пак, не е предложено изрекување соодветни мерки за справување со криминалот од омраза (како во случајот со ОЈО Битола, кое поднело предлог за изрекување мерка на безбедност задолжително лекување и чување во здравствена установа против едно лице за сторено кривично дело Загрозување на сигурноста сторено од омраза врз основа на етничко потекло).

17 Достапен на: https://zlostorstvaodomraza.com/wp-content/uploads/2023/09/mkd2022-1.pdf

## 4.6. Одбележување на Светскиот ден на културните различности преку организирање на „Турлитава 7“

Со цел да се одбележи Светскиот ден на културните различности, Хелсиншкиот комитет за човекови права, во петокот (19 мај), по седми пат го организираше настанот „Турлитава – Заедно е послатко!“ поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Идејата со која се организира настанот е надминување на меѓусебното непознавање на различните етнички групи во нашата држава, како најчеста причина за создавање конфликтни ситуации, односно ситуации што водат кон дела од омраза.

Преку обраќања на извршната директорка на Хелсиншкиот комитет, Уранија Пировска и шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Килијан Вал, како и со музика и разновидни вкусни традиционални јадења, покажавме дека различностите поврзуваат и надополнуваат.

Различностите се „зачинот“ што го прават животот подобар и побогат. Заедно е послатко.








ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА




Çiğ köfte

# 5. ЗАКЛУЧОЦИ

Северна Македонија сè уште заостанува во преземање системски мерки за превенција на криминалот од омраза и за соодветно собирање податоци во оваа област. Злосторствата од омраза вообичаено не се пријавуваат, а кога ќе се пријават, завршуваат како формални поплаки без притоа да се поведе соодветна истрага од страна на властите затоа што самите тие не се обучени да ги идентификуваат и одговорат на злосторствата од омраза. Младите се под најголемо влијание од сето ова, особено младите што припаѓаат на малцинска група како што е ЛГБТ-заедницата, кои се препуштени сами на себе без систематска поддршка на нивните идентитетски карактеристики.

Од извештајот може да се заклучи дека злосторствата од омраза вообичаено се случуваат во јавноста и дека голем број инциденти се случуваат во автобуси, близу автобуски постојки, околу училишта и близу железнички станици. Голем број од злосторствата од омраза се извршуваат од одмазда или како последица на претходни инциденти помеѓу млади етнички Македонци и етнички Албанци. Со оглед на многу малиот труд вложен во поглед на превентивни мерки, едукации за човековите права и подигање на јавната свесност, очекувано е подемот на негативните трендови да продолжи и понатаму сè додека институциите го игнорираат проблемот. Заклучоците од извештајот на кратко може да се претставаат во неколку точки:

- Бројот на регистрирани инциденти и потенцијални злосторства од омраза во 2023 година се зголеми за 23 % во споредба со 2022.
- Инцидентите што се случуваат врз основа на етничка припадност сè уште се најзастапени со 90,86 % од вкупниот број регистрирани инциденти.
- Младите лица се сè уште најчесто вклучени во пристрасно мотивирани инциденти, и како сторители и како жртви. Хелсиншкиот комитет регистрираше вкупно 197 случаи во кои како жртви се јавуваат 213 лица и 292 сторители. 142 од 213 жртви се малолетници, а од 292, 132 сторители се малолетници.
- И покрај тоа што се преземаат одредени чекори за зајакнување на заштитата на правата на ЛГБТ-заедницата, тие сè уште се наоѓаат во поголем ризик од пристрасно мотивирани дела, особено за време и по одржувањето на Парадата на гордоста. Сепак, одредени промени во општеството се забележуваат, на што укажува и фактот дека ЛГБТ-заедницата сè повеќе се охрабрени да ги контактираат невладините организации што работат во оваа област и да ги користат нивните услуги и сервиси, како што се бесплатната правна помош и поддршка. Значајно влијание во зголемувањето на довербата кај ЛГБТ-заедницата се и двете позитивни судски пресуди[18] со која на сторители на дело од омраза врз основа на сексуална ориентација им беше одредена казна затвор.

---

18 Види повеќе на: https://www.radiomof.mk/lgbti-junajted-kazna-zatvor-od-6-meseci-za-liceto-koe-fizichki-go-napadna-aktivistot-bekim-asani/ и https://libertas.mk/dve-godini-zatvor-za-liceto-shto-go-napadna-aktivistot-bekim-asani-na-ploshtadot-skenderbeg-vo-skop-e/

- За пристрасно мотивираните инциденти сè уште не се води соодветна статистика од страна на надлежните органи. Иако Министерството за внатрешни работи води и објавува некаква статистика во своите годишни извештаи, се чини дека при известувањето не е направена јасна разлика помеѓу говорот на омраза и делата од омраза.
- Направени се многу мали напори за воведување превентивни мерки, вклучително и едукација за човековите права и кревање на јавната свесност, особено меѓу средношколците и младите, со оглед дека мнозинството од жртвите се малолетни или млади.
- Пристрасниот мотив, наместо да биде пренесен од полицијата кон обвинителството и подоцна кон судовите, како клучен елемент во случаите на злосторства од омраза, тој „се губи“ во текот на целиот процес.

# 6. ПРЕПОРАКИ

Јавното ангажирање ја зајакнува довербата во институциите. Јавните обвинители не мора да чекаат да се случи злосторство од омраза што ќе привлече внимание и ќе биде покриено од медиумите за да почнат да создаваат контакти со заедницата. Редовната комуникација и консултација со групите од заедниците можат да дадат позитивни резултати кон поголема подготвеност на жртвите и сведоците да соработуваат со полицијата и да се зголеми нивното разбирање за тоа што се случува во заедницата. Преку таквите контакти ќе бидеме сигурни дека, со оглед на сѐ поголемите тензии меѓу заедниците, полицијата може подобро да ја смири ситуацијата и да знае кога треба да се зголеми полициската присутност за да се разрешат проблемите што ги засега заедниците. Оттука, ги даваме следните препораки:

- Навремена и ефективна истрага и покренување судски процеси за злосторствата од омраза, со тоа што пристрасните мотиви ќе бидат земени предвид во текот на кривичната постапка;
- Преземање соодветни мерки со цел да се олесни пријавувањето на злосторствата од омраза од страна на жртвите, вклучително и мерки за зајакнување на довербата во полицијата и другите државни институции;
- Собирање и издавање сеопфатни и споредбени податоци за злосторствата од омраза, колку што е можно, како и бројот на овие инциденти пријавени од јавноста и регистрирани од полициските власти, бројот на пресуди, пристрасните мотиви зад овие кривични дела и изречените казни;
- Воспоставување и одржување на соработката помеѓу државните власти и невладините организации за разни аспекти од работата за справување со злосторствата од омраза, како што се тренинзи, поддршка на жртвите и зголемување на пријавувањето;
- Оваа соработка да се заснова на споделување податоци и информации, заедничко дејствување во насока на откривање на пристрасните мотиви, соработување за развивање насоки, правила и тренинзи за регистрирање инциденти од омраза, вклучително и споделување на експертизата за развивање, унапредување и ревидирање на пристрасните индикатори;
- Обезбедување поддршка и заштита на жртвите на злосторства од омраза;
- Подобрување на комуникацијата и координацијата меѓу сите надлежни органи и институции во областа на злосторствата од омраза;
- Спроведување истражувања на национално ниво за мерките за справување со злосторствата од омраза, како клучен извор на информации за застапеноста на злосторствата од омраза во земјата;
- Промовирање обуки за релевантните институции што доаѓаат во контакт со жртвите на злосторство од омраза, со што ќе можат ефикасно да им помогнат; и
- Повеќе превентивни мерки, меѓу другото со навраќање на концептот за паметење во едукациите за човекови права, наставните програми по историја и релевантните обуки, преземање чекори за едуцирање на јавноста, особено малолетниците и младите за вредностите на културниот диверзитет и инклузијата, и настојување сите сектори од општеството да имаат улога во борбата со таквата нетолеранција.

# АНЕКС РЕГИСТРИРАНИ ИНЦИДЕНТИ ОД ОМРАЗА ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. Инцидент од омраза меѓу малолетници во Градскиот парк во Скопје

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 7 април 2023 година родители пријавиле дека нивните малолетни деца биле нападнати од тројца непознати сторители во Градскиот парк во Скопје, без позната причина.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

**Претпоставена разлика во етничкото потекло**

**Отсуство на други мотиви** – жртвите биле нападнати без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Име на локација** Градски парк

**Број на жртви 1**

**Број на сторители 3**

**Статус на случајот Нема информации**

**Вид инцидент Физички напад, Насилство**

## 2. Инцидент од омраза меѓу малолетници

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 7 април 2023 година родители пријавиле дека нивниот малолетен син бил нападнат од двајца други малолетници на улица во населбата Ѓорче Петров, без позната причина.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

**Претпоставена разлика во етничкото потекло**

**Отсуство на други мотиви** – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата**: Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Име на локација** улица во Ѓорче Петров

**Број на жртви 1**

**Број на сторители 2**

**Статус на случајот Нема информации**

**Вид инцидент Физички напад**

## 3. Инцидент на фудбалски натпревар помеѓу „Вардар“ од Брвеница и „Беса“ од Челопек

Инциденти сторени поради етничка припадност

Инциденти сторени на спортски натпревари

**Што се случило:** На 9 април 2023 година во СВР Тетово било пријавено дека во текот на второто полувреме од првенствениот фудбалски натпревар помеѓу екипите на „Вардар“ од Брвеница и „Беса“ од Челопек, незадоволни од донесената судиска одлука, четириесетина навивачи и резервни играчи на „Беса“ влегле на теренот и се обиделе физички да се пресметаат со судиите и делегатот на натпреварот. Со интервенција на полициските службеници на СВР Тетово, тие биле спречени во намерата, но продолжиле да се однесуваат агресивно, по што натпреварот бил прекинат.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничко потекло – навивачите на двете фудбалски екипи се припадници на различни етничка заедница

Локација – настанот се случил на фудбалски натпревар.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 4

**Број на сторители** 40

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Насилство

## 4. Инцидент помеѓу ГОК „Борец“ од Велес и ОК „Шкендија“ од Тетово

Инциденти сторени поради етничка припадност

Инциденти сторени на спортски натпревари

**Што се случило:** На 10.4.2023 во СВР Велес било пријавено дека околу 21:10 часот во спортската сала „Гемиџии“ во Велес, по одигрување на одбојкарскиот натпревар помеѓу екипите на ГОК „Борец“ од Велес и ОК „Шкендија“ од Тетово, бил нарушен јавниот ред и мир, при што дел од играчите на гостинската екипа и дел од присутните во публиката фрлале едни кон други со разни предмети. Притоа, со повреди се здобиле еден полициски службеник и еден играч на ОК „Шкендија“.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничко потекло – навивачите на двете фудбалски екипи се припадници на различни етничка заедница

Локација – настанот се случил во спортска сала за време на одбојкарски натпревар.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Име на локација** Спортска сала „Гемиџии" во Велес

**Број на жртви** /

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Насилство

## 5. Оштетена спомен-плоча на меморијален комплекс во чест на загинатите албански маченици во Сопот, Кумановско

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 16 април 2023 година медиумите објавија вест дека во кумановското село Сопот била скршена спомен-плочата во меморијалниот комплекс изграден во чест на загинатите албански маченици за време на масакрот, извршен на 4 ноември 1944 година врз незаштитеното население од ова село. Според претседателот на Организациониот совет на овој меморијален комплекс Шукри Масурица, ова претставува вандалски чин врз спомен-објект и апелираше одговорните органи да го истражат случајот.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничко потекло – претпоставена разлика во етничкото потекло на сторителите

Локација – меморијален комплекс изграден во чест на загинати албански маченици.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Име на локација** меморијален комплекс изграден во чест на загинатите албански маченици во Сопот, Кумановско

**Број на жртви** /

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Оштетување симболи

## 6. Инцидент од омраза меѓу малолетници во основно училиште во Чаир

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 18 мај 2023 година родител пријавил дека неговиот малолетен син бил нападнат од негов врсник на спортско игралиште во основно училиште во населба Центар, без позната причина.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Име на локација** спортско игралиште во основно училиште во Центар

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад

## 7. Инцидент од омраза поради етничка припадност

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 22 мај 2023 година 18-годишник од Студеничани пријавил дека тој и неговиот пријател биле нападнати од двајца сторители, без позната причина, а еден од сторителите им се заканувал со нож.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло – во општината Студеничани живеат припадници на различни етнички заедници

Отсуство на други мотиви – жртвите биле нападнати без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 2

**Број на сторители** 2

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад

## 8. Инцидент меѓу малолетници пред трговски центар во Аеродром

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 2 јуни 2023 година тројца родители пријавиле дека нивните малолетни деца биле нападнати од група малолетници пред трговски центар во Аеродром.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвите биле нападнати без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Име на локација** Трговски центар

**Број на жртви** 3

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 9. Нападнат штитеник на јавна установа за згрижување деца

**Што се случило:** Вработен во јавна установа за згрижување деца пријавил дека на 6 јуни 2023 година група од тројца малолетници физички нападнале нивни штитеник, на улица.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив се социјалниот статус и припадноста на маргинализирана заедница, а пристрасните индикатори се:

Социјален статус, припадност на маргинализирана заедница

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 3

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид на инцидент** Физички напад, Насилство

## 10. Инцидент во јавен превоз во Скопје

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** Родител на малолетник пријавил дека неговиот син бил физички нападнат од страна на неколку сторители во автобус во Скопје, на 9 јуни 2023 година.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 11. Малолетник бил физички нападнат во Карпош

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** Родител на малолетник пријави дека неговиот син бил физички нападнат од страна на неколку сторители во Карпош на 12 јуни 2023 година, без посебна причина.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 12. Физички нападнат малолетник во Гази Баба

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** Родител пријави дека неговиот малолетен син бил физички нападнат на 28 јуни 2023 година, на улица во Гази Баба од малолетен сторител, без посебна причина.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 13. Неколкумина малолетници нападнале малолетник во Ѓорче Петров

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** Родител на малолетник на 30 јуни 2023 година пријавил дека неговиот син бил физички нападнат од неколкумина малолетници на улица во Ѓорче Петров, без посебна причина.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 14. Група малолетници физички нападнале малолетник

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** Родител на малолетник пријавил дека на 8 јули 2023 година група малолетници го нападнале неговиот син на улица во Ѓорче Петров, без посебна причина.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 15. Малолетник нападнал друг малолетник во скопски градски превоз

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** Дедо пријавил дека на 22 јули 2023 година околу 18:30 часот на подрачјето на Бит Пазар, во автобус на ЈСП, неговиот малолетен внук бил физички нападнат од едно лице.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 16. Оштетување возило заради политичка припадност

Инциденти сторени поради политичка припадност

**Што се случило:** Патничко возило (модел „ауди А6“) сопственост на 35-годишен локалец било опожарено додека било паркирано на улица. Локалната противпожарна единица успеала да ги изгасне пожарите, а екипа на Одделот за криминалистичка полиција извршила увид на местото. Од пожарот бил оштетен целиот преден и долниот преден дел од возилото. Според информациите споделени од медиумите, автомобилот приватно го користел вицепремиерот Артан Груби, иако е регистриран на друго име. Автомобилот е паркиран на местото каде што живее г. Груби. Медиумите открија дека две лица пристигнале на местото со пикап автомобил, го полиле автомобилот со бензин и го запалиле.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичката припадност, а пристрасните индикатори се:

Политичка припадност – оштетеното возило е на функционер од ДУИ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и општеството.

**Број на жртви** /

**Број на сторители** 2

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Оштетување имот

## 17. Оштетување возило заради политичка припадност

Инциденти сторени поради политичка припадност

**Што се случило:** Во општина Аеродром на 24 јули 2023 година било вандализирано возилото на Марија Митева, портпаролка на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Сторителите го скршиле задното стакло на автомобилот додека бил паркиран на улица пред станбената зграда каде што таа живее.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичката припадност, а пристрасните индикатори се:

Политичка припадност – оштетеното возило е на портпаролката на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и општеството.

**Број на жртви** /

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Оштетување имот

## 18. Малолетник нападнат во Кисела Вода

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** Родител на малолетник пријавил дека неговиот син на 26 јули 2023 година бил нападнат од 22-годишно лице на улица во Кисела Вода, без посебна причина.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 19. Инцидент во автобус на подрачјето на Бит Пазар

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** Родител пријавил дека на 28 јули 2023 година во автобус на подрачјето на Бит Пазар нејзиниот син бил физички нападнат од неколку лица, а едно од лицата го удрило со тврд предмет.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Отсуство на други мотиви – жртвата била нападната без позната причина.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 20. Инцидент на натпреварот помеѓу „Левски“ и „Шкупи“

Инциденти сторени поради етничка припадност

Инциденти сторени на спортски натпревари

**Што се случило:** По завршување на фудбалскиот натпревар помеѓу „Левски“ од Бугарија и „Шкупи“ од Скопје, неколку жители од населбата Чаир нападнале автомобили со бугарски регистарски таблички, а едно лице било тешко повредено. Нападот бил снимен од случајни минувачи. Според Обвинителството, бугарски навивачи со две возила се движеле во близина на трговскиот центар „Чаирчанка“, каде што прво влегле во вербална расправија со случајни минувачи и граѓани, која преминала и во физичка пресметка. Потоа бугарските навивачи ги запреле возилата и излегле од нив, по што вербалната расправија преминала во тепачка со група

граѓани што излегле од околните објекти. При враќање во автомобилот, 29-годишен бугарски државјанин бил прободен со остар предмет во стомакот.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е националноста, а пристрасните индикатори се:

Националност – инцидент помеѓу државјани на Бугарија и на Северна Македонија

Време – инцидентот се случил по завршување на фудбалски натпревар

Модел на претходни инциденти – пресметки помеѓу навивачки групи.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот меѓу различни групи во општеството и безбедноста на луѓето присутни на или во близина на спортски натпревари.

**Број на жртви** /

**Број на сторители** 21

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Физички напад, Насилство

## 21. Злосторство од омраза врз основа на раса, боја на кожа и етничко потекло

Инциденти сторени поради етничка припадност

Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост

**Што се случило:** На 7 јуни 2023 година во медиумите беше објавена вест за навредливи графити со кукести крстови и натписи „Ѓупци“, испишани со црн спреј врз куќи на ромско население на улица „Дебарска“ во Битола. Се работи за уште еден случај на злосторство од омраза, со порака што упатува на повик за насилство кон ромската етничка заедница. Хелсиншкиот комитет на 15 јуни во Битола се сретна со еден жител на улицата „Дебарска“, кој ни даде повеќе информации за самиот настан, како и за тоа дека ова не е првпат да се случуваат ваков вид заплашување и загрозување на сигурноста на ромското население таму. Полициски службеници излегле на терен, но жителите немаат информации за понатамошното постапување. Дел од графитите беа исчистени од самите жители, но по документирање на преостанатите графити, Хелсиншкиот комитет за човекови права заедно со едно лице во својство на оштетен подготви кривична пријава до ОЈО Битола за сторено кривично дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ од член 319 в. в. „Загрозување на сигурноста“ од член 144 став 3 од КЗ. Во меѓувреме, непосредно пред поднесување на кривичната пријава, оштетениот бил физички нападнат на истото место каде што беа испишани графитите, неговата претпоставка е дека нападот го извршиле истите сторители. По неколку обиди и правно советување, оштетениот одлучи дека не сака да започне кривична постапка.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив се етничкото потекло, расата и бојата на кожа, а пристрасните индикатори се:

Етничко потекло – графитот е насочен кон припадници на ромската заедница

Локација – графитите се нацртани во населба каде што живеат Роми

**Модел на претходни инциденти –** претходни настани на заплашување и загрозување на сигурноста на ромското население во таа населба.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** /

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Оштетување имот, Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост

## 22. Злосторство од омраза врз основа на верско уверување

Инциденти сторени заради религиозна припадност или верско убедување

Инциденти сторени поради етничка припадност

Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост

**Што се случило:** Во јуни, до Хелсиншкиот комитет се обрати Горан Садикарио, директор на Музејот на холокаустот на Евреите во Македонија, кој нè информираше дека навивачката група Балисти од Тетово на неколку места во градот испишале графити со нацистички симболи. Дополнително, со нас ги сподели и реакциите на еврејската заедница за претходните случувања на карневалот во Струмица, каде што имало маска со ликот на Хитлер, како и графит со кукест крст на оградата на еврејската заедница.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е верското уверување, а пристрасните индикатори се:

Етничко потекло – графитите се насочени кон припадници на еврејската заедница

Религиско уверување – графитите се насочени кон припадници на еврејската заедница

Локација – еден од графитите е нацртан на оградата на еврејската заедница.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните групи во општеството.

**Број на жртви** /

**Број на сторители** /

**Статус на случајот** Нема информации

**Вид инцидент** Оштетување имот, Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост

## 23. Оштетен споменик на загинат бранител во село Инџиково

Инциденти сторени поради етничка припадност

Предизвикување на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост

**Што се случило:** На 2.8.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во паркот на ул. „8“ во село Инџиково со спреј бил оштетен споменикот на загинатиот бранител Горан Стојменовиќ. Увид на местото извршила екипа од ЕВР Гази Баба, а за настанот бил известен јавен обвинител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Локација – споменик на загинатиот бранител во село Инџиково.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви**

**Број на сторители**

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Уништување симболи

## 24. Инцидент на фудбалски натпревар во Гази Баба

Инциденти сторени на спортски натпревари

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 14.8.2023 едно лице од Скопје пријавило дека додека следело фудбалски натпревар на фудбалски стадион на подрачјето на Гази Баба, било физички нападнато од друго лице.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничко потекло – претпоставена разлика во етничкото потекло помеѓу жртвата и сторителот

Локација – инцидентот се случил на спортски натпревар.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Насилство

## 25. Инцидент врз основа на етничка припадност

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 8 септември 2023 во СВР Скопје било пријавено дека пред Поликлиника „Чаир“ екипата на итна медицинска помош затекнала две лица повредени со остар и тврд предмет, кои, според пријавеното, по претходна меѓусебна расправија физички се пресметале. Лицата се пренесени во Градската општа болница „8 Септември“ и Комплекс клиники „Мајка Тереза“ за укажување лекарска помош, а подоцна едно од лицата било лишено од слобода.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничка припадност – претпоставена разлика во етничката припадност помеѓу лицата

Отсуство на други мотиви.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Телесна повреда, Насилство

## 26. Нападнат 17-годишен малолетник во Скопје

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 8 септември 2023 во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Наум Охридски“ е донесен повреден 17-годишник од Скопје. Според пријавеното, тој на подрачјето на Чаир бил физички нападнат со остар предмет од друг малолетник.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничка припадност – претпоставена разлика во етничката припадност помеѓу жртвата и сторителот

Отсуство на други мотиви.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Телесна повреда

## 27. Инцидент од омраза во Шуто Оризари

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 11 септември 2023 во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари, малолетник бил физички нападнат од друг малолетник.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничка припадност – претпоставена разлика во етничката припадност помеѓу жртвата и сторителот

Отсуство на други мотиви

Модел на претходни инциденти.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Физички напад

## 28. Физички напад врз државјанин на Република Турција

Инциденти сторени поради етничка припадност

**Што се случило:** На 15 септември 2023 државјанин на Република Турција што престојува во Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од едно лице.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е националноста, а пристрасните индикатори се:

Националност – жртвата е државјанин на Република Турција

Етничка припадност – претпоставена разлика во етничката припадност помеѓу жртвата и сторителот

Отсуство на други мотиви.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните групи во општеството.

**Број на жртви**

**Број на сторители**

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Физички напад

## 29. Инцидент од омраза врз основа на верско уверување и попреченост

Дела против лица со попреченост

Инциденти сторени заради религиозна припадност или верско убедување

Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост

**Што се случило:** На паркинг-место наменето за лица со попреченост, во близина на основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“, бил нацртан графит со нацистички симбол – свастика.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасните мотиви се верското уверување и попреченоста, а пристрасните индикатори се:

Верско уверување – графитот со нацистичкиот симбол е насочен кон припадници на еврејската заедница

Попреченост – графитот е нацртан на паркинг-место наменето за лица со попреченост.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните групи во општеството.

**Број на жртви**

**Број на сторители**

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Уништување имот

## 30. Злосторство од омраза врз основа на сексуална ориентација

Инциденти сторени заради сексуална определба и/или родов идентитет

**Што се случило:** Вработени во социјално-културниот центар „Комитет“ пријавија дека странски државјанин што се идентификува како геј бил физички нападнат од едно лице вработено во „Гиро Беко“. Имал тешки телесни повреди, но веднаш по пријавувањето ја напуштил државата. Полициски службеници од ПС Центар веднаш излегле на увид и разговарале со сторителот и со сведоците. Хелсиншкиот комитет беше на состанок со началникот на Одделението за насилен криминал во ПС Кисела Вода, кои го презедоа предметот од ПС Центар и нè известија дека ќе поднесат кривична пријава по службена должност за тешка телесна повреда. На барање на Хелсиншкиот комитет инцидентот да се квалификува како дело од омраза, началникот остави тоа да го одлучи јавен обвинител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е сексуалната ориентација, а пристрасните индикатори се:

Сексуална ориентација – жртвата се идентификува како геј

Модел на претходни инциденти – претходни инциденти врз членови на ЛГБТ-заедницата

Локација – инцидентот се случил пред социјално-културниот центар „Комитет“.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните групи во општеството, а особено безбедноста и сигурноста на ЛГБТ-заедницата.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот**

**Вид на инцидент** Телесна повреда, Физички напад

**Дали пријавивте во полиција?** Да

**Дали сте задоволни од односот на полицијата?** Задоволни

**Како реагираше полицијата?** Тие веднаш го забележаа инцидентот. Тие го истражуваат инцидентот. Тие го фатија сторителот.

## 31. Инцидент на фудбалскиот натпревар помеѓу „Шкупи“ и „Вардар“

**Инциденти сторени на спортски натпревари**

**Инциденти сторени поради етничка припадност**

**Што се случило:** Медиумите објавија дека на фудбалскиот натпревар помеѓу ФК „Шкупи“ и ФК „Вардар“ што се одржа на 5 ноември 2023 година на стадионот во Чаир, навивачката група на „Шкупи“ – „Шверцери“ истакнаа слогани со националистички пораки. „Ќе го исполниме историскиот аманет Скопје да биде срцето на Албанија“ била една од паролите. Дополнително, на натпреварот била испратена поддршка до убијците на членот на „Комити“ – Никола Саздовски-Саздо.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничка припадност – различна етничка припадност кај двете навивачки групи

Локација – инцидентот се случил на спортски натпревар

Модел на претходни инциденти – вакви инциденти и претходно се случувале помеѓу овие две навивачки групи.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви**

**Број на сторители**

**Статус на случајот**

**Вид инцидент**

## 32. Оштетен гроб во село Парагуша

Инциденти сторени поради етничка припадност

Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост

**Што се случило:** На 22.11.2023 во 22:35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на гробиштата во атар на село Пагаруша, Скопско, неколку лица оштетиле гроб. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничка припадност – претпоставена разлика во етничката припадност на сторителот

Локација – гробишта во селото Парагуша, кое се наоѓа во општината Студеничани каде што живеат припадници на различни етнички заедници.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви**

**Број на сторители**

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Уништување симболи

## 33. Инцидент во автобус помеѓу малолетници

Инциденти сторени поради етничка припадност

Насилство врз малолетници

**Што се случило:** Возач на автобус во ЈСП пријавил дека на 24 ноември 2023 на подрачјето на Кисела Вода во автобусот по претходно недоразбирање дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу две лица и уште тројца малолетници, сите од село Горно Количани – Скопско од една страна, и од друга страна едно лице и уште двајца малолетници, сите од село Долно Количани – Скопско.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Претпоставена разлика во етничкото потекло

Модел на претходни инциденти.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви**

**Број на сторители**

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Насилство

## 34. Нападнат малолетник во Шуто Оризари

Инциденти сторени поради етничка припадност

Насилство врз малолетници

**Што се случило:** На 25.11.2023 родител пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари неговиот син бил физички нападнат од четири малолетници и бил употребен и тврд предмет.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

Етничка припадност – претпоставена разлика во етничката припадност помеѓу жртвата и сторителот

Отсуство на други мотиви

Модел на претходни инциденти.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните етнички групи во општеството.

**Број на жртви** 1

**Број на сторители** 4

**Статус на случајот**

**Вид инцидент** Физички напад

## 35. Инцидент од омраза врз основа на верско уверување

Инциденти сторени заради религиозна припадност или верско убедување

Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост

**Што се случило:** Медиумите објавија дека во дворот на манастирскиот комплекс „Свети Наум Охридски“ на Попова Шапка едно лице од јарболот поставен на црковен имот го симнало знамето на Македонската православна црква – ОА, а потоа го поставило знамето на Албанија. Сторителот бил уапсен во рок од неколку часа од страна на полициските службеници.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е верското уверување, а пристрасните индикатори се:

Верско уверување – претпоставена разлика во верското уверување на сторителот

Локација – манастирскиот комплекс.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ги доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот меѓу различните групи во општеството.

**Број на жртви**

**Број на сторители** 1

**Статус на случајот** Идентификувани сторители

**Вид инцидент** Уништување симболи